UDK: 338.48:[616.98:578.834(497.7)
DOI: 10.37658/GR2053051dt

ВЛИЈАНИЕТО НА КОВИД 19 ВРЗ ТУРИСТИЧКИТЕ АГЕНЦИИ КАКО И УСПЕШНОСТА НА МЕРКИТЕ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ПАНДЕМИЈАТА ВО С. МАКЕДОНИЈА

Христина ДИМЕСКА ТРАЈКОВА; Дарко ПАНОВ
Институт за географија, ПМФ, Универзитет Св. Кирил и Методиј,
Скопје e-mail: hristinadimeska@gmail.com

АПСТРАКТ

Пандемијата од Ковид 19 веројатно е најголемата криза што ја доживеал туризмот во своето постоење. Оваа здравствена криза го опфати целокупниот туристички сектор. Последиците бележат негативни резултати глобално. Ова е очекувано ако се знае дека токму овој сектор е најосетлив на сите видови на кризи, вклучително и една ваква здравствена од планетарни размери. За жал истите се забележливи и во туристичкиот сектор во С. Македонија, опфаќајќи ги туристичките агенции, угостителските капацитети, рент а кар компаниите, транспортните компании, занаетчиските работилници, туристичките водичи и останатиот МСП сектор, иако веројатно најизразени се во работењето на туристичките агенции.

Целта на трудот е да ги прикаже последиците од Пандемијата и државните механизми и мерки за помош на туризмот во овие пандемиски услови, како и резултатите и ефикасноста на тие механизми во агенциското работење во земјава.

Клучни зборови: Covid 19, туристички сектор, туристички агенции, државна помош за туризмот